Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

- Сектор за еднакви можности -

Архивски број: 17-3719/1
Датум: 14-05-2019

До:
Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство
Агенција за и аудиовизуелни медиумски услуги
Министерство за економија
Министерство за надворешни работи
Министерство за информатичко општество и администрација
Генерален секретаријат
Министерство за здравство
Министерство за правда
Министерство за финансии
Министерство за одбрана
Министерство за образование и наука
Министерство за труд и социјална политика
Министерство за локална самоуправа
Агенција за млади и спорт
Министерство за култура
Министерство за транспорт и врски
Секретаријат за европски прашања
Собрание на РСМ
Државен завод за статистика

Предмет: Барање за објавување на повик на интерна огласна табла и електронско доставување до сите вработени

Почитувани,

Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, спроведуваат проектна активност за поттикнување на професионалниот развој и лидерство на жените во јавниот сектор, во вид на *Менторска програма,* наменета за жени во редовен работен однос во државните институции во земјата. Менторската програма има за цел да ги зголеми можностите за личен и професионален развој на жените вработени во јавниот сектор преку создавање на концепт на меѓусебна поддршка и јакнење, споделување на знаења и искуства, како и јакнење на солидарноста и вмрежување помеѓу жените.

Програмата се базира исклучиво на концептот на доброволен ангажман и личен ентузијазам на менторките и менторираните, а нивната посветеност и подготвеност се клучен фактор за успех на менторскиот однос, како и на програмата. Никаков паричен надомест за ангажманот на менторките не е предвиден во рамките на овој проект.


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

За таа цел се повикуваат сите заинтересирани жени, вработени во институциите наведени подолу во листата, кои имаат долгогодишна успешна кариера во институцијата, професионални и стручни во својата работа, со изграден кредибилитет на работното место, и кои би сакале да го споделат своето искуство и знаење со други вработени колешки да се пријават на овој повик.

Менторската програма е отворена за жени работени во следниве институции:

1. Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство
2. Агенција за и аудиовизуелни медиумски услуги
3. Министерство за економија
4. Министерство за надворешни работи
5. Министерство за информатичко општество и администрација
6. Генерален секретаријат
7. Министерство за здравство
8. Министерство за правда
9. Министерство за финансии
10. Министерство за одбрана
11. Министерство за образование и наука
12. Министерство за труд и социјална политика
13. Министерство за локална самоуправа
14. Агенција за млади и спорт
15. Министерство за култура
16. Министерство за транспорт и врски
17. Секретаријат за европски прашања
18. Собрание на РСМ
19. Државен завод за статистика

Во прилог Ви се доставува целосниот повик со рокови и формулари за пријавување. Ве молам да го објавите повикот на интерна огласна табла во Вашата институција и да се достави до сите вработени по е-маил.

Со почит,

Министер
Мила Царовска

Изработил: Мирајет Муртезани
Одобрил: Ѓултен Мустафова
Согласен: Јована Тренчевска


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk